„Кој ќе биде добар во исламот, нема да биде казнет за она што го правел во времето на незнаењето. А кој ќе биде лош во исламот, ќе биде казнет и за првото и за последното.“

Од Ибн Месуд, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека рекол: Еден човек праша: „О, Аллахов Пратенику, дали ќе бидеме казнети за она што сме го правеле во времето на незнаењето (џахилиет)?“ Тој одговори: „Кој ќе биде добар во исламот, нема да биде казнет за она што го правел во времето на незнаењето. А кој ќе биде лош во исламот, ќе биде казнет и за првото и за последното.“
[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ја објаснува вредноста на прифаќањето на исламот, и дека кој ќе го прифати исламот и ќе биде искрен и добар муслиман, нема да биде казнет за гревовите што ги направил во времето на незнаењето (џахилиетот - времето пред да го прифати исламот). Додека, пак, оној кој ќе биде лош во исламот, било да е лицемер или да направи отпаднишство од верата, ќе биде казнет и за делата направени при неверството и за делата направени по прифаќањето на исламот.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65002